МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-6113/1 од 16. 11. 2013 год.

Врз основа на член 119 став (1) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15,39/16) министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

РЕШЕНИЕ

За одземање на А –Интегрирана еколошка дозвола, на операторот ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје

1. А –Интегрирана еколошка дозвола, на операторот ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје

бр.11-683/3 од 10.05.2013, се одзема.

Образложение

Правниот субјект ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје, носител на А – Интегрирана еколошка дозвола бр. бр.11-683/3 од 10.05.2013, согласно процедурата за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, има обврски и задолжувања кои треба да ги реализира

во предвиден рок, редовно да доставува годишни извештаи, да известува за измени во инсталацијата, и сл .

Министерството за транспорт и врски по спроведено јавно надавање на ден 20.01.2011 год склучи договор бр.22 УП13/1-2011 ОД 24.02.2011 за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со правниот субјект ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје,за изградба на Депонија за индустриски инертен и неопасен отпад во м.в Шопово КО Пепелиште, општина Неготино.

Владата на Република Македонија донесе Одлука бр.41-5718/1 од 24.07.2012 година за вршење на работите за располагање со градежното земјиште сопственост на Република Македонија од страна на општона Неготино за градежно земјиште што се наоѓа на територијата на општина Неготино.

Заради неплаќање на годишна закупнина од страна на закупецот односно ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје, Општина Неготино го има раскинато договорот за долготраен закуп на градежното земјиште.

Следствено на фактичката состојба правниот субјект ДППУ ЕКОПЛАН-ДЕПО ДОО Скопје го губи правото да владее со градежното земјиште и не може дс го користи истото за изградба на Депонија за индустриски инертен и неопасен отпад во м.в Шопово КО Пепелиште , општина Неготино.

Дополнително од страна на Државен инспекторат за животна средина, при спроведен вонреден надзор на ден 29.05.2018 е констатирана фактичка состојба, записник бр.ИП1 19-78.

Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 119 став (1) од Законот за животна средина одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од приемот на Решението таксирана во износ од  од 250 денари, административна такса во готови пари на уплатата сметка 840 ххх 031 61 во рамките на трезосрката сметка.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изработил: Фатос Балиу
Контролирал: Назим Алити
Одобрил:
Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu